Напишано од FES
Петок, 23 Јануари 2015 12:02

Сакате ли да ги збогатите своите теоретски познавања за доктрините на социјалдемократската идеологија и вредности, политичкиот систем на Македонија и Европската Унија, ефективните социјалдемократски политики во економијата, социјалната грижа и благосостојба, политики за зајакнување на меѓуетничките односи и мултикултурната интеграција, функционалноста на демократијата и улогата на медиумите; историја на Европските интеграции и политиките и перспективите на проширување, улогата на синдикатите во создавањето и спроведувањето на социјалните политики и голем број на други теми.

Сакате ли да се стекнете со практични вештини и развивање на личните капацитети во обласите од политичкиот менаџмент, преговарање, јавно говорење и односи со јавноста. И доколку секогаш сте биле љубител да дискутурате и дебатирате за актуелните општествени случувања со еминентни имиња од политичкиот и општествениот живот на нашата земја, регионот и пошироко, тогаш треба да аплицирате за учество на Осмата Политичка академија за социјална демократија.

Политичката академија за социјална демократија е партнерски проект на Фондација „Фридрих Еберт“, канцеларија во Македонија во соработка со Прогрес-Институтот за социјална демократија и „Олоф Палме“ Меѓународниот центар од Шведска.

Крајниот рок за испраќање на апликацијата за учество трае до 8 февруари 2015 година.

Конкурсот за пријава може да го превземете тука

Пријава може да ја превземете тука